Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Јавна анкета и Јавна презентација**

на предлог Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02, Блок СЗ 24.04, Општина Ѓорче Петров, Скопје,

Планскиот опфат на ДУП за градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02, Блок СЗ 24.04, Општина Ѓорче Петров, Скопје е дефиниран со границите на блоковите Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02, Блок СЗ 24.04 одредени со РПЧ на ГУП на Град Скопје за четврт СЗ 24, Скопје 2016-2022, и ГУП на Град Скопје 2012-2022, со следните граници на плански опфат:

- на **север** се движи по осовината на собирната улица „Ѓорче Петров",С.01-D.01А, планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022; продолжува по осовините на сервисните улици „С3" и „С1", планирани со РПЧ СЗ 24 Скопје 2016-2022 и по осовината на собирната улица „Сремски Фронт"/ Алекса Демниевски" D.01А-С.44А планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022
- на **запад** се движи по осовината на Градска магистрална улица „Сарај", С.01-В.21, планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022;
- на **југ** се движи по осовината на регулирано корито на Река Вардар, ", планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022 и
- на **исток** се движи по осовината на Градска магистрала Булевар „Македонска Војска" С.44-В.22, планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022.

Вкупната површина на планскиот опфат, што ќе се применува при изработка на Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02, Блок СЗ 24.04, Општина Ѓорче Петров - Скопје, изнесува **42,47ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени со ГУП на Град Скопје и површината до осовините на сообраќајниците.

- Јавна анкета ќе трае 13 работни дена од 05.10.2020год. до 22.10.2020год., согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавна анкета и јавна презентација предлогот на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02, Блок СЗ 24.04, Општина Ѓорче Петров – Скопје ќе биде изложен во просториите на УЗ Дексион, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 14.10.2020 год. во 13:00 часот во просториите на Домот на култура Ѓорче Петров, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 14.10.2020 год. во 14:00 часот во просториите на Домот на култура Ѓорче Петров.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

Број 03 - 1551/2

од 25.09 , 2020 година

Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СКОПЈЕ

**Александар Наумоски**